1830 2
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

СЛУЖ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ“ излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата — Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-19644

Петок, 5 март 1982

БЕЛГРАД

БРОЈ 12 ГОД. XXXVIII

Цена на овој број е 24 динари. — Аконтацијата за 1982 година изнесува 1.000 динари. Рок за рекламации 15 дена. — Редакција: Улица Јована Ристиќа број 1. Пошт. фах 226. — Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-855; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

135.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославиа, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Царинскиот закон, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 3 март 1982 година.

П бр. 154
3. март 1982 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
Sergej Kraigher, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Драгослав Марковиќ, с. р.

З А К О Н

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН

Член 1

Во Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ“, бр. 10/76, 36/79 и 52/79) во член 18 став 1 зборот: „сојузен“ се заменува со зборот: „овој“.

Член 2

Во член 28 став 1 точка 2 по зборот: „препродажба“ се става точка, а текстот до крајот се брише. Се додава нова реченица која гласи: „Кои предмети и до која вредност можат да бидат ослободени од плаќање царина пропишува Сојузниот извршен совет врз основа на усогласени ставови со надлежните републички и покраински органи.“

Во точка 3 ст. 1 и 2 по зборовите: „Сојузниот извршен совет“ се додаваат зборовите: „врз основа на усогласени ставови со надлежните републички и покраински органи.“

По став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„ (3) Лицата од став 1 на оваа точка што по кој и да било основ биле на работа во странство непрекинато најмалку шест години не плаќаат царина на предмети на мебел и на други предмети што ги користеле во своето домаќинство во странство, освен за патнички моторни возила, до вредноста што ќе ја прошише Сојузниот извршен совет, врз основа на усогласени ставови со надлежните републички и покраински органи, ако тие предмети ги внесат или ги примат од странство во рок од шест месеци од денот на враќањето од работа во странство.“

Во досегашните ст. 4 и 5, кои стануваат ст. 5 и 6 зборовите: „од ст. 1 и 2“ се заменуваат со зборовите: „од ст. 1, 2 и 3.“

Во досегашниот став 6, кој станува став 7, зборовите: „сојузниот секретар за финансии“ се заменуваат со зборовите: „Сојузниот извршен совет врз основа на усогласени ставови со надлежните републички и покраински органи“.

Во точка 4 став 3 зборовите: „сојузниот секретар за финансии“ се заменуваат со зборовите: „Сојузниот извршен совет врз основа на усогласени ставови со надлежните републички и покраински органи.“

Во точка 7 став 1 зборовите: „Сојузниот секретар за финансии“ се заменуваат со зборовите: „Сојузниот извршен совет врз основа на усогласени ставови со надлежните републички и покраински органи“.

Во точка 8 став 1 зборовите: „ги увезуваат“ се заменуваат со зборовите: „ќе ги внесат“, а во став 2 зборовите: „Сојузниот секретар за финансии — со зборовите: „Сојузниот извршен совет врз основа на усогласени ставови со надлежните републички и покраински органи“.

Во точка 11 став 2 зборовите: „сојузниот секретар за финансии, во согласност со претседателот на Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита“ се заменуваат со зборовите: „Сојузниот извршен совет врз основа на усогласени ставови со надлежните републички и покраински органи“.

Член 3

Во член 29 став 1 точка 1 ставот 1 се менува и гласи:

„1) државјаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија што се иселија од Југославија пред 6 април 1941 година, странските државјани што добиле државјанство на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и странските државјани што добиле азил, односно одобрение за постојано населување во Југославија — на предмети за своето домаќинство, освен на патнички моторни возила, како и на предмети на неопходниот стопански инвентар за вршење на една дејност со личен труд. Кои предмети и во кое количество можат да бидат ослободени од плаќањето царина според одредбите на оваа точка пропишува Сојузниот извршен совет врз основа на усогласени ставови со надлежните републички и покраински органи.“

Во став 1 точка 1 ставот 4 се брише.

Во став 1 точка 10 по зборовите: „опреми, што не се произведуваат во земјата“ точката и запирката се бришат и се додаваат зборовите: „и ако увозот на тие производи се врши заради опремување на организациите на здружен труд во согласност со програмите за развој на здравството во републиката односно во автономната покраина; организа-

циите на здружен труд на специфична опрема што се користи во заштитни работилници за рехабилитација, вработување и преквалификација на инвалиди, што не се произведува во земјата;".

Член 4

Во член 30 ст. 1 и 2 зборовите: „што не се произведува во Југославија" се бришат.

По став 2 се додаваат нови ст. 3 и 4 кои гласат:

„(3) Лицата од став 1 на овој член што по која и да било основа на работа во странство биле најмалку шест години не плаќаат царина, односно плаќаат царина по стапка од 10% на стопански инвентар што ќе го внесат или примат од странство заради вршење на услужни, занаетчиски и земјоделски дејности, засновани врз личен труд, што ќе ги утврди Сојузниот извршен совет врз основа на усогласени ставови со надлежните републички и покраински органи, освен на моторни возила, ако таквиот стопански инвентар го внесат или примат од странство во рок од една година од денот на враќањето од работа од странство.

(4) Лицата од ст. 1, 2 и 3 на овој член можат да го користат правото на ослободување од плаќањето царина на предмети на стопански инвентар, освен на моторни возила, и кога здружуваат труд и средства со организација на здружен труд или со договорна организација на здружен труд или заради основање на договорна организација на здружен труд, односно кога го пренесуваат своето право на ослободување од плаќањето царина врз организацијата на здружен труд или врз договорната организација на здружен труд со кои ги здружуваат трудот и средствата. Лицата од ст. 1, 2 и 3 на овој член можат да ги користат своите права на ослободување од плаќањето царина на предмети на стопански инвентар до вредноста која претставува збир на одделните вредности до која е ослободен поединечно секој корисник на повластицата."

Во досегашните ст. 3 до 6 кои стануваат ст. 5 до 8 зборовите: „ст. 1 и 2" се заменуваат со зборовите: „ст. 1, 2 и 3".

Член 5

Член 34 се менува и гласи:

„(1) Царинска основица на која се применуваат стапките од Царинската тарифа е вредноста на стоките.

(2) Вредност на увезените стоки што претставува царинска основица е договорената цена (трансакциска вредност). Како договорена цена се смета стварно платената цена или цената што треба да се плати за стоките купени заради увоз во Југославија.

(3) Под договорената цена која претставува царинска основица се подразбира:

1) дека се вклучени сите трошоци и други издатоци во врска со продажбата и испораката на стоки во граничната лука односно пристаништето или во местото на влегувањето на стоките во царинското подрачје во Југославија (член 38);

2) дека се исклучени сите трошоци, давачки и такси што се наплатуваат во царинското подрачје на Југославија;

3) дека нема ограничување за купувачите во поглед на располагањето или користењето на стоките, освен ограничувањата што се утврдени со југословенските прописи, ограничувањата што се однесуваат на забраната на препродажбата во трети земји или ограничувањата што не влијаат суштествено врз вредноста на стоките;

4) дека договорот за купопродажба не содржи услови или обврски чија вредност не може да биде утврдена во однос на вредноста на стоките што се царинат;

5) дека никаква корист од препродажбата или од друго располагање или употреба нема да настане непосредно или посредно за продавачот;

6) дека купувачот и продавачот не се заемно поврзани, односно ако се — дека на договорената цена не влијаел трговскиот, финансискиот или друг однос помеѓу купувачот и продавачот.

(4) Царинска основица за стоките што се извезуваат е фактурната вредност на стоките франко југословенска граница."

Член 6

Член 35 се менува и гласи:

„(1) Ако царинската основица на увезените стоки не може да се утврди врз основа на член 34 став 2 од овој закон, како царинска основица ќе се земе договорената цена на идентичните стоки купени заради увоз во Југославија и увезени во исто или во приближно исто време како и стоките што се царинат.

(2) Ако царинската основица на увезените стоки не може да се утврди врз основа на член 34 став 2 од овој закон и став 1 од овој член, како царинска основица ќе се земе договорената цена на слични стоки купени заради увоз во Југославија и увезени во исто или приближно исто време како и стоките што се царинат.

(3) За утврдување на царинската основица врз основа на ст. 1 и 2 од овој член ќе се користи договорената цена на идентични односно слични стоки продадени во иста форма на купопродажба (малопродажба или големопродажба) и во приближно исто количество како стоките што се царинат. Ако нема такви продажби, ќе се користи договорената цена за идентични односно слични стоки продадени во различна форма на купопродажба или во различни количества.

(4) Ако во примената на овој член се утврди постоење на повеќе договорени цени на идентични односно слични стоки, за определување на царинската основица на увезените стоки ќе се користи најниската договорена цена."

Член 7

Член 36 се менува и гласи:

„(1) Ако царинската основица на увзените стоки не може да се утврди врз основа на чл. 34 и 35 од овој закон, ќе се постапи на следниот начин:

1) ако увезените стоки, односно идентични или слични увезени стоки се продаваат во Југославија во истата состојба во која се увезени, царинската основица на увезените стоки ќе се утврди врз основа на цената по единица мера по која увезените стоки, односно идентични или слични увезени стоки во таа состојба им се продаваат на лица што не се заемно поврзани со лицата од кои ги купуваат тие стоки, во најголемо вкупно количество во исто или во приближно исто време кога се увезуваат стоките што се царинат, под услов таа цена да се намали за износот на:

— вообичаените провизии, трошоци на прометот и други добивки во врска со продажбата на идентични или слични стоки увезени во Југославија;

— вообичаените трошоци на превозот, осигурувањето и други трошоци што настануваат во Југославија;

— царините и увозните давачки и други давачки и такси што се наплатуваат при продажбата на стоки во Југославија.

Ако увезените стоки, односно идентични или слични стоки не се продаваат во Југославија во истата состојба во која се увезени, ако тоа царинскиот обврзник го бара, царинската основица на увезените стоки ќе се утврди врз основа на цената по единица мера по која увезените стоки по извршеното облагородување им се продаваат во најголемо вкупно количество на лица во Југославија што не се поврзани со лицата од кои тие стоки ги купуваат, под услов таа цена да се намали за износот на вредноста на извршеното облагородување и за трошоците од став 1 на оваа точка;

2) ако царинската основица не може да се утврди според точка 1 на овој став, ќе се утврди врз основа на пресметаната вредност, која му одговара на износот на:

— вредноста на материјалот и трошоците настанати во производството на увезените стоки;

— добивката и трошоците што при увозот во Југославија обично ги остваруваат, односно ги имаат производителите на идентични или слични стоки од земјата на извозот како што се стоките што се царинат;

— трошоците и другите издатоци од член 38 на овој закон.

(2) Царинскиот обврзник може да поднесе барање за утврдување на царинската основица според одредбите од овој член независно од утврдениот редослед во став 1. на овој член."

Член 8

Член 37 се менува и гласи:

„(1) Ако царинската основица на увезени стоки не може да се утврди врз основа на чл. 34 до 36 од овој закон, таа ќе биде утврдена на друг соодветен начин во согласност со одредбите од овој закон, врз основа на расположивите податоци.

(2) Царинската основица од став 1 на овој член не може да се утврдува врз основа на:

1) продажната цена на југословенскиот пазар на стоки од домашно производство;

2) продажната цена на стоките на домашниот пазар на земјата извозничка;

3) трошоците на производството, освен вообичаените трошоци на превозот, осигурувањето и други трошоци што настануваат во Југославија (член 36 став 1 точка 1 став 1 алинеја 2 на овој закон);

4) цената на стоките за извоз во трети земји;

5) произволни или фиктивни вредности;

Член 9

Член 38 се менува и гласи:

„Под трошоци и други издатоци што се засметуваат во царинската основица во смисла на член 34 од овој закон, се подразбираат:

1) трошоците за превоз;

2) трошоците за осигурување;

3) провизијата на посредникот;

4) трошоците за амбалажа;

5) трошоците за натовар и претовар;

6) сразмерниот дел од вредноста на суровините, репродукционите материјали и деловите за вградување набавени во странство, што купувачот ги обезбедил бесплатно или по намалена цена, а што се употребувани во производството на увозените стоки;

7) сразмерниот дел од вредноста на други стоки што купувачот ги обезбедил бесплатно или по намалена цена, а што се потрошени во производството на увезените стоки;

8) сразмерниот дел од вредноста на алатот, калапите, матриците и слични производи што купувачот ги обезбедил бесплатно или по намалена цена, а што се користени во производството на увезените стоки;

9) надоместите и трошоците во врска со користењето на правото на употреба на патенти, модели, знак или странска фарбичка или трговска марка, што купувчот ги плаќа непосредно или посредно, ако продажбата е обусловена со такво плаќање;

10) делот од износот остварен со препродажба, отстапување или користење на увезените стоки што непосредно или посредно му се плаќа на продавачот;

11) сразмерниот дел од вредноста на услугите извршени во странство, што купувачот посебно ги плаќа, а што се потребни за производство на стоките што се увезуваат."

Член 10

Член 39 се менува и гласи:

„(1) Ако се увезуваат стоки за кои е договорена обврската од член 38 точка 10 на овој закон, царинскиот обврзник е должен тоа да го назначи во царинската декларација.

(2) Царинскиот обврзник е должен на надлежната царинарница дополнително да ѝ ги пријави продажбата, отстапувањето или користењето на увезените стоки од кои произлегува обврската за доплата на определен износ на продавачот, најдоцна во рок од 30 дена од денот на настанувањето на таа обврска.

(3) Врз основа на поднесената пријава, царинарницата донесува решение со кое врши пресметка на износот на царината и на другите увозни давачки што царинскиот обврзник е должен да ги плати."

Член 11

Член 40 се менува и гласи:

„Ако во една пратка се наоѓаат повеќе видови стоки што се царинат со примена на разни царински стапки, целокупниот износ на трошоците што се однесуваат на продажбата на стоките, како и на трошоците за превоз, осигурување и доставување на стоките се пресметуваат сразмерно со вредноста на одделните видови стоки."

Член 12

Член 41 се менува и гласи:

„(1) Како царинска основица се зема вредноста на стоките означена во фактурата на продавачот, ако таа вредност им одговара на одредбите од овој закон што се однесуваат на договорената цена.

(2) Ако вредноста на стоките означена во фактурата е изразена во странска валута, пресметувањето на валутата во динари се врши според курсот што е во сила на денот на настанувањето на обврската за плаќање царина (член 19).

(3) Ако фактурата не е поднесена од оправдани причини односно ако царинарницата, со оглед на околностите под кои се врши увозот, смета дека вредноста на стоките означена во фактурата не им одговара на одредбите од овој закон за договорената цена, ќе ја утврди царинската основица согласно со одредбите на чл. 34 до 45 од овој закон. Кога во постапката за царинење на стоките вредноста означена во фактурата односно во царинската декларација не може да се прифати како царинска основица, ќе се постапи сходно со одредбите од член 266 на овој закон.

(4) Во постапката за царинење царинарницата може да ги побара од подносителот на декларацијата сите податоци потребни за утврдување на царинската основица во смисла на чл. 34 до 45 од овој закон.

(5) На барање од царинскиот обврзник царинарницата ќе издаде писмено известување за височината на царинската основица и за начинот на нејзиното утврдување.

(6) Сојузната управа за царини ги следи податоците за цените и, по потреба, издава листи на вредностите што царинските органи ги користат во постапката за утврдување на царинската основица."

Член 13

Член 42 се менува и гласи:

„(1) Трошоците за монтирање кое се врши во Југославија не се засметуваат во царинската основица на машините, апаратите и уредите што се увезуваат.

(2) Каматата на кредитот и трошоците за обездување на парични средства во странство (трошоците на финансирањето) што се однесуваат на плаќањето на увезените стоки, не се засметуваат во царинската основица."

Член 14

Член 43 се менува и гласи:

„Царинската основица за стоки што државјани на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и странски државјани непосредно ги увезуваат, односно ги примаат од странство, се утврдува врз основа на чл. 34 до 45 од овој закон."

Член 15

Член 44 се менува и гласи:

„(1) Царинската основица за стоки што се увезуваат без плаќање на противвредност и за употребувани стоки се утврдува врз основа на чл. 34 до 45 од овој закон. Во постапката за царинење, царинарницата ќе ги користи податоците за цените на исти, слични или истородни стоки. Ако царинската основица на употребувани стоки се утврдува врз основа на цените на новите стоки, царинарницата ќе ја намали таа вредност за процентот на истрошеноста.

(2) Вредноста на стоките што за време на превозот и доставувањето, односно додека се наоѓаат под царински надзор претрпеле оштетување, се утврдува со намалување на соодветната договорена цена за процентот на оштетувањето. Процентот на оштетувањето го утврдува царинарницата со процена."

Член 16

Во член 45 став 2 се менува и гласи:

„(2) Се овластува сојузниот секретар за финансии да донесе прописи за поблиските услови и за начинот на утврдување на царинската основица."

По став 2 се додаваат два нови става, кои гласат:

„(3) Во рамките на Сојузниот секретаријат за финансии се формира комисија која на сојузниот секретар за финансии му ги подготвува предлозите на прописите од став 2 на овој член.

(4) Во Комисијата од став 3 на овој член определуваат свои претставници Сојузниот секретаријат за финансии, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, Сојузниот секретаријат за пазар и општи стопански работи, Сојузниот комитет за енергетика и индустрија, Сојузната управа за царини и Стопанската комора на Југославија."

Член 17

Во член 47 став 1 зборовите: „нормалната цена" се заменуваат со зборовите: „царинската основица".

Во став 2 зборовите: „нормалната цена" се заменуваат со зборовите: „царинската основица".

Член 18

Во член 51 став 1 на обете места зборовите: „нормалната цена" се заменуваат со зборовите: „договорената цена".

Член 19

Во член 255 став 3 по зборот: „количество" се додава зборот: „вредноста,".

Член 20

Во член 256 став 1 по точка 8 се додава точка 9, која гласи:

„9) примачите и испраќачите на печатен материјал од областа на културата, просветата и науката, како и државните органи, организациите на здружен труд и други организации кои примаат документација врз основа на меѓународни или меѓудржавни спогодби."

Член 21

Во член 266 став 1 зборот: „котизација" се заменува со зоброт: „котација".

Во став 8 зборот: „нормалната" се заменува со зборот: „договорената".

Член 22

Во член 270 став 1 точка 1) првата реченица се менува и гласи:

„(1) Царинарницата е должна, во рок од шест месеци од денот на извршеното царинење, дополнително да ја пресмета царината и другите увозни давачки и да донесе решение за наплата односно за поврат на царината и другите увозни давачки што не биле пресметани или се пресметани во помал или во поголем износ од пропишаниот."

Член 23

Во член 272 став 1 зборот: „нормалната" се заменува со зборот: „договорената".

Член 24

Во член 274 став 1 зборовите: „став 2" се заменуваат со зборовите: „ст. 1, 2 и 3."

Во став 2 зборовите: „став 2" се заменуваат со зборовите: „ст. 1, 2 и 3."

Член 25

Во член 279 став 1 точка 4 точката се заменува со точка и запирка. По точка 4 се додава нова точка 5, која гласи:

„5) ако суровини, репродукциони материјали и делови за вградување, што се увезени за изведување на инвестициони работи отстапени на странски изведувач, се враќаат поради тоа што не се употребени во изградбата на инвестиционият објект".

Член 26

Во член 280 став 1 зборовите: „точ. 1 и 2" заменуваат со зборовите: „точ. 1, 2 и 5".

Член 27

Во член 281 став 3 зборовите: „став 1" се заменуваат со зборовите: „ст. 1 и 2".

Член 28

Во член 314 став 1 се менува и гласи:

„(1) За привремено увезени стоки се плаќаат царина и други увозни давачки, ако вредноста на стоките е намалена поради употреба, користење или друго располагање што на подносителот на декларацијата или на други лица им донесло или што можело да им донесе определена корист. Во тој случај царината и другите увозни давачки се пресметуваат и се плаќаат годишно на износот од 20% од вредноста која претставува царинска основица. Царинскиот обврзник може да бара пресметката на царината и на другите увозни давачки да се врши и месечно.".

Член 29

Во член 315 ст. 1 и 3 зборовите: „нормалната цена" се заменуваат со зборовите: „царинската основица", на сите четири места.

Член 30

Во член 323 став 2 зборовите: „член 43" се заменуваат со зборовите: „член 44".

Член 31

Во член 371 став 1 точка 7 зборовите: „став 2" се заменуваат со зборовите: „ст. 1, 2 и 3".

Член 32

Во член 373 став 1 зборовите: „точ. 6 до 9" се заменуваат со зборовите: „точ. 6 до 10".

Член 33

Во член 393 став 3 зборовите: „управникот на царинарницата" се заменуваат со зборовите: „директорот на Сојузната управа за царини".

Член 34

Во член 397 став 1 зборовите: „член 279 став 4" се заменуваат со зборовите: „член 279 став 2".

Член 35

Во член 398 став 3 зборовите: „член 229 став 2, член 279 став 4" се заменуваат со зборовите: „член 279 став 2".

Член 36

Лицата од член 28 точка 3 и од член 29 став 1 точка 1 од Царинскиот закон што стекнале право на ослободување од плаќањето царина пред 1 мај 1982 година, можат да ја користат повластицата според поранешните прописи.

Член 37

Одредбите од чл. 2 до 4 на овој закон ќе се применуваат од 1 мај 1982 година.

Член 38

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат Одлуката за утврдување на царинската основица за употребувани моторни возила („Службен лист на СФРЈ", бр. 41/79), Наредбата за начинот на утврдување на истрошеноста на стоките што се увезуваат („Службен лист на СФРЈ" бр. 37/76). Листата на царинските основици за патнички, доставни и товарни моторни возила што југословенски и странски државјани непосредно ги увезуваат од странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/81) и Листата на царинските основици за стоките што југословенски и странски државјани непосредно ги увезуваат односно ги примаат од странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 7/82).

Член 39

Се овластува Законодавно-правната комисија на Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ да утврди пречистен текст на Царинскиот закон.

Член 40

Овој закон влегува во сила на 1 април 1981 година.

136.

Врз основа на член 279 став 5 и член 286 став 2 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, во врска со член 4 од Законот за обезбедување на средства за отстранување на последиците од катастрофалниот земјотрес што го погоди подрачјето на Социјалистичка Република Црна Гора во 1979 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/79) и член 8 од Законот за средствата за отстранување на последиците од катастрофалниот земјотрес што го погоди подрачјето на Социјалистичка Република Црна Гора во 1979 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/80) Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 3 март 1982 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА СРЕДСТВАТА ШТО РЕПУБЛИКИТЕ И АВТОНОМНИТЕ ПОКРАИНИ ГИ УПЛАТИЈА ЗА 1980 ГОДИНА ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД КАТАСТРОФАЛНИОТ ЗЕМЈОТРЕС ШТО ГО ПОГОДИ ПОДРАЧЈЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА ЦРНА ГОРА ВО 1979 ГОДИНА

1. Основица за валоризација на средствата за 1980 година претставуваат средствата што републиките и автономните покраини ги уплатија за 1980 година до 15 јануари 1981 година, и тоа:

1) средства без обврска за враќање:

	Динари
— СР Босна и Херцеговина	683.142.411
— СР Македонија	308,780.370
— СР Словенија	840,485.000
— СР Србија без териториите на социјалистичките автономни попраини	1.251,622.000
— СР Хрватска	937,013.000
— СР Црна Гора	93,453.882
— САП Војводина	567,724.000
— САП Косово	94,562.000

2) во вид на кредит:

— СР Босна и Херцеговина	315,816.789
— СР Македонија	142,749.189
— СР Словенија	415,109.587
— СР Србија без териториите на социјалистичките автономни покраини	608,389.462
— СР Хрватска	665,489.137
— СР Црна Гора	43,203.737
— САП Војводина	262,365.000
— САП Косово	55,078.447

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука ќе се валоризираат по следната структура, и тоа:

1) износот од 6.363,433.534 динари, односно 87,35% од вкупно уплатените средства за 1980 година ќе се валоризира врз основа на зголемувањето на цените на градење со примена на индекс од 126,10% за цената на градењето во 1980 година во однос на 1979 година;

2) износот од 921,550.477 динари, односно 12,65% од вкупно уплатените средства за 1980 година ќе се валоризира врз основа на зголемувањето на цените

на инвестиционата опрема со примена на индекс од 130,1% за зголемувањето на цените на инвестиционата опрема за 1980 година во однос на 1979 година.

3. Средствата за валоризација за 1980 година утврдени со примена на индексот на цените и структурата, согласно со точка 2 на оваа одлука, изнесуваат 1.938,242.846 динари, и тоа:

1) износот од 1.270,910.795 динари врз основа на средствата без обврска за враќање;

2) износот од 667,332.051 динари врз основа на кредитните средства.

Средствата од став 1 на оваа точка ќе ги обезбедат републиките и автономните покраини, и тоа:

1) средства за валоризација на средствата без обврска за враќање:	
	Динари
— СР Босна и Херцеговина	181,756.870
— СР Македонија	82,154.105
— СР Словенија	223,619.439
— СР Србија без територите на социјалистичките автономни покраини	333,006.549
— СР Хрватска	249,301.679
— СР Црна Гора	24,864.340
— САП Војводина	151,048.647
— САП Косово	25,159.166
2) Средства за валоризација на средствата што се даваат во вид на кредит:	
	Динари
— СР Босна и Херцеговина	84,026.215
— СР Македонија	37,979.849
— СР Словенија	110,444.057
2) средства за валоризација на социјалистичките автономни покраини	161,868.100
— СР Хрватска	177,060.040
— СР Црна Гора	11,494.786
— САП Војводина	69,804.832
— САП Косово	14,654.172

4. Средствата од точка 3 на оваа одлука на име валоризација за 1980 година републиките и автономните покраини ќе ги уплатат согласно со член 8 ст. 2 и 3 од Законот за средствата за отстранување на последиците од катастрофалниот земјотрес што го погоди подрачјето на Социјалистичка Република Црна Гора во 1979 година.

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Собрание на СФРЈ

АС бр. 492
3 март 1982 година
Белград

Претседател на
Собранието на СФРЈ
Драгослав Марковиќ, с. р.

Претседател на Соборот
на републиките и покраините
Зоран Полич, с. р.

137.

Врз основа на член 231 став 1 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 286 став 2 точка 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 12 став 2 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини, Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 3 март 1982 година донесе

ОДЛУКА

ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА 1981 ГОДИНА

Се потврдува Финансискиот план на Народната банка на Југославија за 1981 година, што го донесе Советот на гувернерите со својата одлука О. бр. 22 од 24 март 1981 година.

Собрание на СФРЈ

АС. бр. 388
3 март 1982 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Драгослав Марковиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките и покраините,
Зоран Полич, с. р.

138.

Врз основа на член 21 став 2 од Законот за личните доходи на функционерите што ги избира или именува Собранието на СФРЈ и за надоместите на личните доходи на делегатите во Собранието на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/75, 16/77 и 62/79), Административната комисија на Собранието на СФРЈ на седницата од 18 февруари 1982 година донесе

ОДЛУКА

ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВОТО НА ДЕЛЕГАТИТЕ ВО СОБРАНИЕТО НА СФРЈ НА НАДОМЕСТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА АВТОМОБИЛ ВО ЛИЧНА СОПСТВЕНОСТ ЗА СЛУЖБЕНИ ЦЕЛИ

1. Делегатот во Собранието на СФРЈ има право на надомест за користење на автомобил во лична сопственост за службени цели ако го користи на патување преземено по одулка од телата на Собранието на СФРЈ или на неговите собори, нивните претседатели или претседателот на Собранието на СФРЈ.

Правото од став 1 на оваа точка го имаат делегатите во Собранието на СФРЈ при патување заради присуствување на седниците на соборите и на работните тела на соборите на Собранието на СФРЈ при заминување и враќање од најблиската железничка или автобуска станица или од најблискиот аеродром.

2. Надоместот од точка 1 на оваа одлука изнесува 4,00 динари за еден поминат километар.

3. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за условите и начинот на остварувањето на правото на делегатите во Собранието на СФРЈ за користење на автомо-

бил во лична сопственост за службени цели („Службен лист на СФРЈ", бр. 20/80).

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 114-15/82-013
19 февруари 1982 година
Белград

Административна комисија на Собранието на СФРЈ

Претседател,
Рајко Гаговиќ, с. р.

139.

Врз основа на член 43 став 1 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77 и 17/78), врз основа на согласноста на надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА
ЗА КОМПЕНЗАЦИОНИТЕ РАБОТИ СО СТРАНСТВО

1. Работите на извозот и увозот на стоки и услуги, што се вршат како компензациони работи со странство, можат да ги вршат организациите на здружен труд регистрирани за вршење на работи од надворешнотрговскиот промет, врз основа на посебно одобрение.

2. Одобрението за вршење на компензациона работа со странство го издава Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, по прибавено мислење од Сојузниот секретаријат за пазар и општи стопански работи, од Народната банка на Југославија и од Стопанската комора на Југославија, кои се должни да дадат мислење во рок од седум дена од денот на приемот на барањето.

Сојузниот секретаријат за надворешна трговија е должен барањето за одобрението од став 1 на оваа точка да го реши во рок од 20 дена од денот на приемот на барањето.

Ако надлежните сојузни органи од став 1 на оваа точка го одбијат или одложат разгледувањето на барањето за давање одобрение за вршење на компензациона работа, должни се да ги наведат причините поради кои барањето се одбива или се одложува.

Ако надлежните сојузни органи во роковите од ст. 1 и 2 на оваа точка не одлучат за барањето за издавање одобрение за вршење компензациона работа, ќе се смета дека одобрението е издадено, за што Сојузниот секретаријат за надворешна трговија е должен, во рок од три дена од денот на истекот на рокот од став 1 на оваа точка, да издаде потврда што го заменува одобрението за вршење на компензациона работа.

3. Компензационата работа со странство може да се одобри, ако вредноста на извозот, по правило, е поголема од вредноста на увозот по таа работа.

При издавањето на одобрението, во смисла на став 1 од оваа точка посебно ќе се води сметка за изедначувањето на вредноста на извозот и увозот по видовите на стоките и по регионалната насоченост.

4. Со компензационата работа со странство не може да се нарушува стабилноста на домашниот пазар.

5. Компензационата работа може да се одобри ако се исполнети некои од следните услови:

1) ако со компензационата работа се обезбедува продавање во странство на определени стоки чиј извоз во редовната стоковна размена е отежнат;

2) ако со компензационата работа се обезбедува извоз во земјата во која продавањето на југословенски стоки е значително отежнато;

3) ако со компензационата работа не се доведува во прашање извозот на стоки по основ на склучените долгорочни или други трговски договори со странство;

4) ако со компензационата работа се обезбедува извоз на стоки на нови пазари;

5) ако со компензационата работа се извезуваат и увезуваат стоки над количествата и вредностите наведени во стоковните листи, како и стоки што не се опфатени со листите предвидени со протоколот за размена на стоки и услуги со определена земја;

6) ако со компензационата работа се врши извоз што ќе овозможи увоз на стоки што се дефицитарни на домашниот пазар;

7) ако со компензационата работа се обезбедува поурамнотежена стоковна размена со странство.

6. Заради усогласување на стоковната размена со одделни земји, а посебно со земјите во развој, во извршувањето на компензационата работа можат да учествуваат повеќе организации на здружен труд со поширок листи на стоки за извоз и увоз (бартер-работи).

Во случајот од став 1 на оваа точка, учесниците во работата, спогодбено је определуваат организацијата на здружен труд која поднесува барање за одобрение на компензациона работа.

7. За стоките што се извезуваат, односно увезуваат по основ на стоковен контингент, на девизен контингент, на дозвола или согласност решението за одобрение на компензациона работа истовремено претставува и право на извоз, односно на увоз на такви стоки.

8. Упатство за поднесување на барањето за одобрување на компензациона работа и за документацијата што се поднесува кон тоа барање, дава сојузниот секретар за надворешна трговија.

9. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за компензационите работи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 62/77).

10. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 53
25 февруари 1982 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Веселин Ѓурановиќ, с. р.

140.

Врз основа на член 347 точка 5 од Уставот на СФРЈ, а заради спроведување на одредбите од член 74 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77, 17/78 и 5/82), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА
ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ОБВРСКАТА ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА САМОУПРАВНО СПОГОДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ЗА УВОЗ НА ПЧЕНКА ДО 31 ОКТОМВРИ 1982 ГОДИНА

1. Одлуката за обврската за поведување постапка за самоуправно спогодување на организации-

те на здружен труд за увоз на пченка до 31 октомври 1982 година („Службене лист на СФРЈ", бр. 6/82) престанува да важи.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 54
25 февруари 1982 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Веселин Ђурановиќ, с. р.

141.

Врз основа на член 347 точка 5 од Уставот на СФРЈ, заради спроведување на одредбата од член 138. во врска со член 25 од Законот за девизното работење и за кредитните односи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77), врз основа на согласноста на надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

О Д Л У К А

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ЗЕМАЊЕ НА СТРАНСКИ КРЕДИТИ ОД СТРАНА НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ШТО ИЗВЕДУВААТ ИНВЕСТИЦИОНИ РАБОТИ ВО СТРАНСТВО ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ИЗВЕДУВАЊЕТО НА ТИЕ РАБОТИ

1. Во Одлуката за земање на странски кредити од страна на организациите на здружен труд што изведуваат инвестициони работи во странство за потребите на изведувањето на тие работи („Службен лист на СФРЈ", бр. 20/79, 12/80 и 14/81), во точка 6 зборовите: „до 31 декември 1981 година" се заменуваат со зборовите: „до 31 декември 1982 година".

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 55
25 февруари 1982 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Веселин Ђурановиќ, с. р.

142.

Врз основа на член 54 од Законот за заштита на пронајдоци, технички унапредувања и знаци за разликување („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/81), по предлог од Сојузниот завод за патенти, Сојузниот извршен совет донесува

О Д Л У К А

ЗА ПОСЕБНИТЕ ТРОШОЦИ НА ПОСТАПКАТА ЗА СТЕКНУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ ВО ВАЖНОСТ НА ПРАВАТА СО КОИ СЕ ШТИТАТ ПРОНАЈДОЦИТЕ И ЗНАЦИТЕ ЗА РАЗЛИКУВАЊЕ

1. Подносителот на пријавата на патент, односно носителот на правото на патент, жиг, модел или мостра е должен да плати надомест за трошоците за објавување:

1) на податоците за пријавата на патент и за признатиот патент;

2) на податоците за признатиот жиг, модел или мостра;

3) на патентниот спис.

2. Овластениот корисник на заштитената ознака на потеклото на производот е должен да плати надомест на трошоците за објавување на податоците за заштитената ознака на потеклото на производот и на податоците за овластениот корисник на таа ознака.

Ако има повеќе овластени корисници на заштитената ознака на потеклото на производот, секој од нив го плаќа надоместот на трошоците од став 1 на оваа точка во соодветна пропорција.

3. Надоместот на трошоците од точ. 1 и 2 на оваа одлука се плаќа во височината утврдена со Тарифата на надоместите за објавување на патентни списи и податоци за пријавите на патенти и за правата со кои се штитат пронајдоците и знаците за разликување, што е отпечатена кон оваа одлука и сочинува нејзин составен дел.

4. Лицата во работен однос, пензионерите, инвалидите, учениците и студентите од сите школи, самостојните уметници и војниците на отслужување на воен рок го плаќаат надоместот на трошоците од точка 3 на оваа одлука намален за 50%, ако не постојат услови од тие трошоци да се ослободат во целост според член 120 од Законот за општата управна постапка.

5. Надоместот на трошоците од точка 3 на оваа одлука се должни да го уплатат на евидентната сметка на Сојузниот завод за патенти:

1) домашните правни лица и југословенските државјани — во рок од 15 дена од денот на приемот на заклучокот за височината на трошоците;

2) странските правни лица и странските државјани — во рокот од 90 денот од денот на приемот на заклучокот за височината на трошоците.

Средствата од евидентната сметка од став 1 на оваа точка Заводот ги уплатува во корист на буџетот на федерацијата.

6. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за објавување на патентните списи и за наплатата на трошоците за објавување на патенти и патентни списи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 38/61).

7. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 56
25 февруари 1982 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Веселин Ђурановиќ, с. р.

ТАРИФА

НА НАДОМЕСТИТЕ ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПАТЕНТНИ СПИСИ И ПОДАТОЦИ ЗА ПРИЈАВИТЕ НА ПАТЕНТИ И ЗА ПРАВАТА СО КОИ СЕ ШТИТАТ ПРОНАЈДОЦИТЕ И ЗНАЦИТЕ ЗА РАЗЛИКУВАЊЕ

Тар. број 1

	Динари
За објавување на патентниот спис, носителот на патентот е должен да плати надомест — по страница — — — — — — — — — —	850

Тар. број 2

	Динари
За објавување на податоците за пријава на патент и на признат патент, подносителот на пријавата, односно носителот на патентот е должен да плати надомест:	
— за секој нумерички кôд — — — — —	21
— за секој ред на печатен текст — — —	21
— за секоја слика — — — — — — —	260
— за секоја формула — — — — — —	180

Тар. број 3

За објавување на признат жиг, носителот на жигот е должен да плати надомест:	
— за секој ред на печатен текст — — —	21
— за клишето — зборот — — — — —	140
— за клишето — техничкото решение — —	260

Тар. број 4

За објавување на признат модел или мостра носителот на правото на модел е должен да плати — — — — — — — — — —	480

Тар. број 5

За објавување на податоците за заштитена ознака на потеклото на производот и за овластениот корисник на ознаките, овластениот корисник на заштитената ознака на потеклото на производот е должен за секој ред на печатен текст да плати — — — — —	21

143.

Врз основа на член 57 став 2 од Законот за книговодството („Службен лист на СФРЈ“, бр. 25/81), сојузниот секретар за финансии пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА СОДРЖИНАТА НА ОДДЕЛНИТЕ КОНТА ВО КОНТНИОТ ПЛАН ЗА БУЏЕТИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

Член 1

Органите на општествено-политичките заедници (во натамошниот текст: ОПЗ) кои го извршуваат буџетот од член 1 на Уредбата за контниот план и за билансите за буџетите на општествено-политичките заедници („Службен лист на СФРЈ“, бр. 10/82) ги искажуваат средствата и изворите на средствата, промените на средствата и на изворите на средствата, приходите и расходите и распоредот на приходите на одделни конта утврдени во Контниот план за буџетите на општествено-политичките заедници, според содржината на тие конта пропишана со овој правилник.

1. КЛАСА 0: Долгорочни пласмани и средства за посебни намени

Член 2

На контата од групата конта 04 — Долгорочни пласмани, се водат побарувањата со рок на втасување подолг од една година по основ на долгорочни депозити, здружени средства и по други долгорочни пласмани.

Член 3

На контата од групата конта 05 — Средства на резервите, се водат паричните средства на резервите издвоени на посебна сметка кај Службата на општественото книговодство (во натамошниот текст: Службата), пласманите на средствата на резервите и другите побарувања од средствата на резервите во согласност со прописите.

На контото 050 — Парични средства на резервите, се водат паричните средства на постојаната резерва што се издвоени на посебна сметка кај Службата.

На контото 055 — Пласмани на средствата на резервите, се водат средствата на резервите вложени во обврзници и други хартии од вредност и побарувањата по други пласмани на средствата на резервите.

На контото 058 — Други побарувања од средствата на резервите, се водат другите побарувања што не можат да се искажат на контото 055. На контото 058 се водат и побарувањата за парични средства на резервите што се на жиро-сметка.

Член 4

На контата од групата конта 07 — Средства за други намени, се водат паричните средства за други намени издвоени на посебна сметка кај Службата, пласманите на средствата за други намени и другите побарувања од средствата за други намени, што ги формираат ОПЗ во согласност со прописите и по други основи.

На контото 070 — Парични средства за други намени, се водат паричните средства за други намени издвоени на посебни сметки кај Службата.

На контото 078 — Други побарувања од средствата за други намени, се водат другите побарувања од средствата за други намени што не можат да се искажат на контото 075. На контото 078 се водат и побарувањата за паричните средства за други намени што се на жиро-сметка.

Член 5

На контата од групата конта 09 — Непокриени расходи, се искажува износот на расходите што не е покриен со приходи, освен побарувањата за непокриени расходи што се искажани на контото 130 — Побарувања по основ на непокриени расходи.

На контото 095 — Непокриени расходи, се искажува износот на непокриените расходи што не е покриен во завршната сметка.

На контото 097 — Расходи покриени со кредит, се искажува износот на расходите што е покриен со кредит.

За износот на расходите што не е покриен со приходи по завршната сметка се задолжува контото 097, а се одобрува контото 899 до износот на применот кредит за таа намена. За применот кредит во наредната година, наместо контото 899 се одобрува контото 095.

Контото 097 се одобрува за износот на отплатата на кредитот врз товар на контото 482 — Отплати на кредитите и заемите на ОПЗ.

2. КЛАСА 1: Парични средства и хартии од вредност

Член 6

На контата од групата конта 10 — Парични средства, се водат паричните средства што се на жиро-сметка, отворени акредитиви, девизни сметки, во депозити и благајни и на други сметки на парични средства.

На контото 100 — Жиро-сметка, се водат паричните средства што се на жиро-сметка. На тоа конто се евидентира вкупниот промет на паричните средства што се врши преку жиро-сметка.

На контото 101 — Благајна, се водат паричните средства и се евидентира готовинскиот промет на паричните средства што се врши преку благајната на буџетот на ОПЗ.

На контото 102 — Девизна сметка, се води динарската противвредност на девизите на сметките кај банките, и тоа за секоја валута посебно, со тоа што девизите се искажуваат во динари според средниот курс искажан во курсната листа која важи на денот на истекот на периодот за кој се поднесува сметка согласно со одредбите на законот со кој се уредуваат девизното работење и кредитните односи со странство.

На контото 103 — Отворени акредитиви се водат средствата што се на отворени акредитиви издвоени на посебна сметка кај Службата.

На контото 108 — Други парични средства, се водат другите парични средства издвоени на посебна сметка кај Службата, што не можат да се искажат на други конта од таа група.

Член 7

На контата од групата конта 11 — Хартии од вредност, се водат вредностите на примени чекови, обврзници и други хартии од вредност со кои може да се врши плаќање преку пренос, или кои можат да се продаваат (есконтираат), согласно со прописите.

Член 8

На контата од групата конта 12 — Побарувања, се водат побарувањата од другите ОПЗ и другите корисници на општествени средства (во натамошниот текст: КОС), како и другите побарувања, според називите на одделните конта од таа група.

Член 9

На контото 130 — Побарувања по основ на непокриени расходи, се искажуваат побарувањата за износот на расходите што не е покриен со приходи, во износот што го покрива друга ОПЗ или друг КОС. Контото 130 се задолжува со одобрение на контото 899.

Член 10

На контата од групата конта 15 — Краткорочни пласмани, се водат побарувањата со рок на втасување до една година по основ на краткорочни депозити и по други краткорочни пласмани, според називите на одделните конта од таа група.

Член 11

На контата од групата конта 16 — Финансиски и пресметковни односи во рамките на ОПЗ, се искажуваат финансиските и пресметковните односи со органите и организациите на ОПЗ што се финансираат од буџетот на ОПЗ за која се води книговодството, според називите на одделните конта од таа група.

Член 12

На контата од групата конта 19 — Активни временски разграничувања, се искажуваат наплатените приходи, пренесениот вишок на приходите од претходната година и другите активни временски разграничувања.

Контото 195 — Наплатени приходи, се задолжува за наплатените приходи што при пресметката се искажани на контото 295 — Пресметани приходи, со одобрение на соодветните конта од класата 7: Приходи. Контото 195 се задолжува на крајот од пресметковниот период и за приходите што се однесуваат на пресметковниот период, а се наплатени по истекот на пресметковниот период.

Контото 196 — Пренесен вишок од претходната година, на почетокот од годината се задолжува за износот на вишокот на приходите пренесен од претходната година, со одобрение на контото 700 — Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година.

На контото 198 — Други активни временски разграничувања, се водат износите на сите други активни временски разграничувања, освен износите што се искажуваат на контата 195 и 196.

3. КЛАСА 2: Тековни обврски

Член 13

На контата од групата конта 23 — Обврски, се водат обврските спрема другите ОПЗ и другите КОС, како и другите обврски, според називите на одделните конта.

Член 14

На контата од групата конта 26 — Финансиски и пресметковни односи во рамките на ОПЗ, се искажуваат финансиските и пресметковните односи со органите и организациите на ОПЗ што се финансираат од буџетот на ОПЗ за кој се води книговодството, според називите на одделните конта во таа група.

Член 15

На контата од групата конта 29 — Пасивни временски разграничувања се искажуваат пресметаните приходи, делот од вишокот на приходите пренесен во наредната година и другите пасивни временски разграничувања.

На контото 295 — Пресметани приходи, се искажуваат пресметаните приходи со задолжување на соодветните конта од групите 12 и 16.

Контото 296 — Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година, на крајот од годината се одобрува за износот на делот од вишокот на приходите заради пренос во наредната година, со задолжување на контото 821 — Дел од вишокот на приходите за пренос во буџетот за наредната година.

На контото 298 — Други пасивни временски разграничувања, се водат износите на сите други пасивни временски разграничувања, освен износите што се искажуваат на контата 295 и 296.

На крајот на годината пресметаните износи на контата од групата 29 меѓусебно се затвораат со состојбата искажана на соодветните конта од групата 19. Разликата меѓу одделните активни и пасивни временски разграничувања се книжи врз товар на контото 488 — Други расходи на ОПЗ, или во корист на контото 778 — Други приходи, ако не се пренесува во наредната година како транзисторна актива, односно транзисторна пасива, во смисла на прописите.

4. КЛАСА 3: Слободна

Член 16

Употребата на класата 3 е слободна во поглед на содржината и во поглед расчленувањето на групи конта и на синтетички и аналитички конта.

5. КЛАСА 4: Расходи

Член 17

На контата од групата конта 40 — Средства за работата на органите на управата, се искажуваат средствата што им се пренесени на органите и организациите на ОПЗ за доход на работната заедница, материјални трошоци и амортизација.

Член 18

На контата од групата конта 41 — Средства за посебни и други намени за работа на органите на управата, се искажуваат средствата што им се пре-

несени на органите и организациите на ОПЗ за посебни и други намени според називите на контата од таа трупа.

На контото 410 — Средства за лични доходи и други лични примања на функционерите и делегатите, се искажуваат средствата што според општествено договорените основи и мерила им се обезбедуваат на органите на управата за личен доход и други лични примања по основ на личниот доход и заедничката потрошувачка, за функционерите и делегатите.

На контото 411 — Средства за патни и селидбени трошоци и надомести за одвоен живот на функционерите и делегатите, се искажуваат средствата во согласност со намената и називот на тоа конто.

На контото 412 — Средства за надомести по основ на испратнина поради заминување во пензија, се искажуваат средствата на испратнина што не се искажуваат во доходот на работната заедница.

На контото 415 — Средства за инвестиции во основни средства, се искажуваат сите средства за финансирање на нестопански инвестиции, во согласност со посебните прописи, освен за финансирање во објекти и за опрема на општествениот стандард.

На контото 416 — Средства за инвестиции во објекти и за опрема на општествениот стандард, се искажуваат сите средства за финансирање на нестопански инвестиции во објекти и за опрема на општествениот стандард.

На контото 418 — Средства за други потреби за работа на органите на управата, се искажуваат средствата што не можат да се искажат на другите конта на кои се работат средства за работи на органите на управата.

Член 19

На контата од групата конта 42 — Средства за народна одбрана и општествена самозаштита, се искажуваат средствата што се пренесени за потребите на народната одбрана и општествената самозаштита.

На контата од групата конта 42 не се искажуваат пренесените средства за редовна дејност и за посебни намени на органите на ОПЗ за народна одбрана и општествена самозаштита што се искажуваат на контата од групите 40 и 41.

Член 20

На контата од групата конта 43 — Средства за поттикнување на развојот, интервенции во стопанството и поттикнување на побрзиот развој на стопански недоволно развиените подрачја, се искажуваат средствата што се употребуваат за унапредување на економските односи со странство, за компензации, премии, регреси и надомести, средствата за поттикнување на побрзиот развој на стопански недоволно развиените подрачја и за други потреби и интервенции во стопанството, според називите на контата од оваа група.

Член 21

На контата од групата конта 44 — Пренесени средства на други ОПЗ и СИЗ, се искажуваат средствата што се пренесуваат во буџетот на други општествено-политички заедници како придонес, односно како дополнителни средства, дополнителни средства на самоуправните интересни заедници, средства за работа на заедничките органи на управата и други пренесени средства на други општествено-политички заедници, според називите и одделните конта од оваа група.

Член 22

На контата од групата конта 45 — Средства за општествени дејности, се искажуваат средствата што се пренесуваат за финансирање на општествени дејности, за вршење на редовната дејност и дополнителните средства за други намени, а според називите на одделните конта од оваа група.

Член 23

На контата од групата конта 46 — Средства за други општи општествени потреби, се искажуваат средствата пренесени за дејноста на месните заедници, за дејноста на општествено-политичките и општествените организации и на други општи општествени потреби, според називите на одделните конта од оваа група.

Член 24

На контото 470 — Издвојување во постојаната буџетска резерва, се искажуваат средствата што се пренесуваат во постојаната буџетска резерва. За износот на пресметаните резерви се одобрува конто 950 — Постојана буџетска резерва.

Член 25

На контата од групата конта 48 — Други расходи, се искажуваат расходите што не можат да се искажат на контата на групата конта од 40 до 47.

На контото 480 — Камата на кредити и заеми и на контото 482 — Отплата на кредити и заеми на ОПЗ, се искажуваат втасаните, односно платените обврски за камати и отплатите на кредити и заеми, што се земени за покритие на вишокот на расходите во буџетот на ОПЗ.

Член 26

На контото 490 — Распоред на расходите, на крајот на пресметковниот период, односно на крајот на годината се одобрува износот на расходите искажани на контните групи на контата 40 и 48, со задолжување на контото 790 — Распоред на приходите.

На крајот на годината состојбите искажани на контата на групите од 40 до 48 се пренесуваат врз товар на тоа конто.

6. КЛАСА 5: Слободна

Член 27

Употребата на класата 5 е слободна во поглед на содржината и во поглед на расчленувањето на групи конта и на синтетички и аналитички конта.

7. КЛАСА 6: Слободна

Член 28

Употребата на класата 6 е слободна во поглед на содржината и во поглед на расчленувањето на групи конта и на синтетички и аналитички конта.

8. КЛАСА 7: Приходи

Член 29

На контото 700 — Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година, се искажува на почетокот на годината износот на вишокот на приходите што е пренесен од претходната година, со задолжување на контото 196 — Пренесен вишок на приходите од претходната година.

Член 30

На контото 710 — Данок од доходот на ОЗТ, се искажуваат приходите од данокот на доходот на основните организации на здружен труд и на работните заедници.

Член 31

На контата од групата конта 72 — Приходи од данокот од личните доходи, се искажуваат прихо-

дите од данокот од личниот доход на работниците, даноците од личниот доход на работните луѓе што самостојно вршат дејност со личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓаните и од самостојното вршење на професионални дејности, од личниот доход по основ на авторски права и од личниот доход од земјоделска дејност, според називите на одделните конта од оваа група.

Член 32

На контата од групата конта 73 — Приходи од данокот на промет на производи и услуги и од данокот на промет на недвижности и права, се искажуваат приходите од тие даноци на промет, според називите на одделните конта од оваа група.

Член 33

На контата од групата конта 74 — Приходи од данокот на приход од имот и имотни права и приходи од други даноци, се искажуваат приходите од данокот на приход од имот, од данокот на имот, наследство и подароци, приходот од данокот што го плаќаат странски лица и од други даноци според називите на контата од оваа група.

Член 34

На контата од групата конта 75 — Приходи од такси, се искажуваат приходите од сите такси според називите на контата од оваа група.

Член 35

На контата од групата конта 76 — Приходи од царини, се искажуваат приходите од царини и од други увозни давачки и такси, освен од такси од групата конта 75, според називите на одделните конта од оваа група.

Член 36

На контата од групата конта 77 — Приходи според посебни прописи, приходи од органите и организациите на ОПЗ, приходи по основ на инвестиции во стопанството и други приходи, се искажуваат приходите што се остваруваат според посебни прописи, приходите што се остваруваат од дејностите на органите и организациите на ОПЗ и други приходи, според називите на контата од оваа група.

На контото 770 — Приходи според посебни прописи, се искажуваат приходите од парничните казни за прекршоци, средствата добиени од продадените стоки а одземени во прекршочната постапка, приходите од парничните казни за стопански престапи, сообраќајни прекршоци и др.

На контото 771 — Приходи од органи и организации на ОПЗ, се искажуваат приходите што се остваруваат со дејноста на органите и организациите на ОПЗ што ќе се уплатат во буџетот.

На контото 772 — Приходи по основ на инвестиции во стопанството, се искажуваат приходите од наплатените ануитети по пласманите од бившите општествено-инвестициони фондови и кредитни фондови на бившите сојузни банки (државниот капитал).

На контото 778 — Други приходи, се искажуваат приходите што не можат да се искажат на други конта од класата 7.

Член 37

На контата на групата конта 78 — Приходи од други ОПЗ, се искажуваат приходите што се примени од други општествено-политички заедници, според називите на контата од оваа група.

Член 38

Конто 790 — Распоред на приходите, на крајот на пресметковниот период, односно на крајот на годината се задолжуваат за разликата помеѓу приходите и расходите во корист на контото 800 — Вишок на приходите, односно се одобрува за разликата помеѓу расходите и приходите врз товар на контото 890 — Непокриени расходи. На крајот на годината состојбата искажана на контата на групите конта 70 и 77 се пренесуваат во корист на тоа конто.

9. КЛАСА 8: финансиски резултат

Член 39

На контото 800 — Вишок на приходите, на крајот на пресметковниот период, односно на крајот на годината се пренесува износот на вишокот на приходите од контото 790 во корист на ова конто.

Контото 809 — Распоред на вишокот на приходите, на крајот на пресметковниот период, односно на крајот на годината се задолжува износот на вишокот на приходите искажан на контото 800 во корист на соодветното конто на групата конта 82 — Распоред на вишокот на приходите.

На крајот на годината состојбата искажана на конто 809 се пренесува со одобрување на ова конто врз товар на контото 800.

Член 40

На контата од групата конта 82 — Распоред на вишокот на приходите, се распоредува вишокот на приходите на крајот на пресметковниот период, односно на крајот на годината, на начинот утврден со прописите, според називите на одделните конта од оваа група, со задолжување на контото 809, со тоа што контото 821 — Дел од вишокот на приходите за пренос во буџетот за наредната година, се одобрува и за вишокот на приходите на крајот на пресметковиот период.

Салдото од контата на групата конта 82, на крајот на годината се пренесува со задолжување на тие конта во корист на соодветните конта на класа 9: Извори на средствата, односно во корист на контото 296.

Член 41

На контото 890 — Непокриени расходи, на крајот на пресметковниот период, односно на крајот на година се пренесува износот на непокриените расходи со приходите во корист на контото 790.

На контото 899 — Покритие на расходите, на крајот на годината се одобрува износот на непокриените расходи врз товар на контото од групата конта 09, контото 130 и контото од класа 9, во согласност со прописите. На крајот на годината состојбата искажана на тоа конто се пренесува со задолжување на тоа конто во корист на контото 890.

10. КЛАСА 9: Извори на средствата

Член 42

На контата од групата конта 92 — Обврски по долгорочни кредити и заеми, се водат обврските по кредитите и заемите чиј рок за враќање е до една година, според називите на одделните конта од таа група.

Член 43

На контата од групата конта 93 — Обврски по краткорочните кредити и заеми, се водат обврските по кредитите и заемите чиј рок за враќање е до една година, според називите на одделните конта од таа група.

Член 44

На контата од групата конта 95 — Извори на средствата на резервите, се искажуваат изворите на средствата на резервите, во согласност со про-

писите, според називите на одделните конта од таа група.

Член 45

На контата од групата конта 97 — Извори на средствата за други намени, се искажуваат изворите на средствата за други намени, во согласност со прописите, според називите на одделните конта од оваа група.

Член 46

Органите што го извршуваат буџетот на ОПЗ ќе го усогласат водењето на книговодството со одредбите на овој правилник до 30 јуни 1982 година.

Член 47

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1-1998/1
19 февруари 1982 година
Белград

Сојузен секретар за финансии,
Петар Костиќ, с. р.

144.

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за книговодството („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/81), сојузниот секретар за финансии пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА СОДРЖИНАТА НА ОДДЕЛНИ ПОЗИЦИИ ВО ОБРАСЦИТЕ НА ПЕРИОДИЧНАТА ПРЕСМЕТКА И НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА И ЗА НАЧИНОТ НА ДОСТАВУВАЊЕТО НА ПЕРИОДИЧНАТА ПРЕСМЕТКА И НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА И ЗА ПОДАТОЦИТЕ И ДОКУМЕНТАЦИЈАТА ШТО СЕ ДОСТАВУВААТ КОН ПЕРИОДИЧНАТА ПРЕСМЕТКА И ЗАВРШНАТА СМЕТКА ЗА БУЏЕТИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

I. Општи одредби

Член 1

Органот на општествено-политичката заедница од член 1 на Уредбата за контниот план и за билансите за буџетите на општествено-политичките заедници („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/82), ги пополнува обрасците: Биланс на состојбата на —— 19 —— година (во натамошниот текст: Биланс на состојбата) и Приходи и расходи во текот на годината — Биланс на приходите и расходите од 1 јануари до —— 19 —— година (во натамошниот текст: Приходи и расходи во текот на годината — Биланс на приходите и расходите) и доставува периодична пресметка и завршна сметка на начинот пропишан со овој правилник.

Член 2

При пополнувањето на обрасците од член 1 на овој правилник, во поглед на содржината на одделни конта што се означени во колона 2 од тие обрасци, органот на општествено-политичката заедница што го извршува буџетот на општествено-политичката заедница постапува според одредбите од Правилникот за содржината на одделни конта во Контниот план за буџетите на општествено-политичките заедници („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/82), а во поглед на содржината на одделни позиции во тие обрасци — според одредбите од овој правилник.

Член 3

Паричните вредности во обрасците од член 1 на овој правилник се искажуваат во полни износи (динари со пари).

Член 4

Органот на општествено-политичката заедница што го извршува буџетот на општествено-политичката заедница доставува периодични пресметки и завршна сметка, како и податоци и документација што со периодичната пресметка и завршната сметка се доставуваат до надлежната служба за општествено книговодство (во натамошниот текст: Службата).

Член 5

Органот на општествено-политичката заедница што го извршува буџетот на општествено-политичката заедница доставува до Службата, во смисла на член 36 став 3 и член 37 став 2 од Законот за книговодството, пополнети обрасци: Биланс на состојбата и Приходи и расходи во текот на годината — Биланс на приходите и расходите, во еден примерок.

Органот на општествено-политичката заедница што го извршува буџетот пополнетите обрасци од став 1 на овој член ги доставува до Службата кај која се води нејзината жиро-сметка во роковите од член 38 став 1 на Законот за книговодството.

II. Содржина на одделни позиции во образецот биланс на состојбата

Член 6

Образецот Биланс на состојбата се пополнува врз основа на книговодствени податоци.

Во образецот Биланс на состојбата, под ред. бр. 1 до 31 и ред. бр. 32 до 50, се внесуваат податоци од соодветните конта означени во колона 2 на тој образец, така што во колона 4 се внесуваат податоци од завршната сметка на претходната година, а во колона 5 — податоци за тековната година, односно за периодот за кој се составува завршната сметка, а според состојбите искажани во одделни конта на крајот на годината, односно на крајот на периодот за кој се поднесува завршната сметка (статусна промена).

Член 7

Во образецот Биланс на состојбата, во позициите што се дадени по вкупната актива, односно по вкупната пасива — активни конта на вонбилансната евиденција и пасивни конта на вонбилансната евиденција, се искажуваат состојбите на вонбилансната евиденција, освен вредностите на средствата и изворите на средствата за народна одбрана.

III. Содржина на одделни позиции во образецот приходи и расходи во текот на годината — Биланс на приходите и расходите

Член 8

Образецот Приходи и расходи во текот на годината — Биланс на приходите и расходите, се пополнува врз основа на книговодствените податоци.

Член 9

Во образецот Приходи и расходи во текот на годината — Биланс на приходите и расходите, во колона 4 се внесуваат податоци од завршната сметка за претходната година, а во колона 5 — податоци од соодветните конта означени во колона 2 на тој образец за годината, односно за периодот за кој се составува завршната сметка.

Член 10

Во текот на деловната година за периодот јануари-март, јануари-јуни и јануари-септември, во образецот Приходи и расходи во текот на годината — Биланс на приходите и расходите, во колона 4 се внесуваат податоци за истиот период од претходната година, а во колона 5 — податоци од соодветните конта означени во колона 2 на тој образец за текуштата година.

IV. Преодни одредби

Член 11

По исклучок од одредбите на чл. 6 и 9 од овој правилник во обрасците Биланс на состојбата и Приходи и расходи во текот на годината — Биланс на приходите и расходите за 1982, година колона 4, не се пополнува.

Член 12

Органот на општествено-политичката заедница што го извршува буџетот, податоците ги искажува во Билансот на состојбата и во Приходите и расходите во текот на годината — Биланс на приходите и расходите, на обрасците што Службата на општественото книговодство на Југославија ги приспособи за механографска обработка.

Член 13

Органот на општествено-политичката заедница што го извршува буџетот, првата периодична пресметка, во согласност со одредбите од овој правилник ќе ја состави и достави за периодот јануари—јуни 1982 година.

Член 14

Овој правилник се применува врз водењето на книговодство од 1 јануари 1982 година.

Член 15

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

1-1999/1
19 февруари 1982 година
Белград

Сојузен секретар за финансии,
Петар Костиќ, с. р.

145.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА РАДИОКОМУНИКАЦИИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за радиокомуникации што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Радиокомуникации. Уреди што се користат во мобилни служби. Уреди за сигнализација. Уреди за селективно повикување. Методи на мерење. Термини, дефиниции и услови на мерење — — — — — — — JUS N.N6.261

2) Радиокомуникации. Уреди што се користат во мобилни служби. Уреди за сигнализација. Уреди за селективно повикување. Методи на мерење. Излезни карактеристики на кодерот — — — — — — — — JUS N.N6.262

3) Радиокомуникации. Уреди што се користат во мобилни служби. Уреди за сигнализација. Уреди за селективно повикување. Методи на мерење. Карактеристики на декодерот — — — — — — — — JUS N.N6.263

4) Радиокомуникации. Уреди што се користат во мобилни служби. Уреди за сигнализација. Уреди за селективно повикување. Методи на мерење. Симулирани системи — — JUS N.N6.264

5) Радиокомуникации. Уреди што се користат во мобилни служби. Уреди за сигнализација. Фреквенции што се користат во системи на тонска сигнализација — — — — — JUS N.N6.265

6) Радиокомуникации. Уреди што се користат во мобилни служби. Методи на мерење. Уреди за сигнализација. Веројатност на повикување JUS N.N6.266

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди JUS N.N6.261, JUS N.N6.262, JUS N.N6.263, JUS N.N6.264 и JUS N.N6.266 од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат врз радиокомуникациите што ќе се произведат, односно увезат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Освен точ. 10 и 11 од југословенскиот стандард JUS N.N6.265, чие применување е задолжително, применувањето на тој стандард не е задолжително.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 50-1048/1
21 јануари 1982 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

146.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА ПЛАСТИЧНИ МАСИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува југословенскиот стандард за пластични маси што го има следниот назив и ознака:

Пластични маси. Полиетиленска маса за изработка на цевки и надворешни елементи. Поделба и услови на квалитетот — — — — — JUS G.C1.300

Член 2

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е составен дел на овој правилник, а се објавува во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е задолжителен во целост, а ќе се применува на пластичните маси што ќе се произведат односно увезат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи југословенскиот стандард што го има следниот назив и ознака:

1) Пластични маси. Полиетиленска маса со ниска густина за изработка на цевки — — — — — JUS G.C1.300 донесен со Решението за југословенските стандарди за цевки од полиетилен („Службен лист на СФРЈ“, бр. 46/74).

Член 5

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 50-1055/1
21 јануари 1982 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

147.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ“, бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЧЕЛИЧНИ ЈАЖИЊА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за челични јажиња што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Челични јажиња. Видови и поими — — — — — — — — JUS C.H1.020
2) Челични јажиња за општа намена. Преглед на стандардизираните конструкции — — — — — — JUS C.H1.021
3) Челични јажиња за општа намена. Пресметка и коефициенти — JUS C.H1.022
4) Челични јажиња за општа намена. Технички услови — — — — JUS C.H1.023
5) Челични јажиња за општа намена. Завојно јаже 1 × 7 — — — JUS C.H1.060
6) Челични јажиња за општа намена. Завојно јаже 1 × 19 — — JUS C.H1.061
7) Челични јажиња за општа намена. Завојно јаже 1 × 37 — — JUS C.H1.062
8) Челични јажиња за општа намена. Обично јаже 6 × 7 — — — — JUS C.H1.070
9) Челични јажиња за општа намена. Обично јаже 6 × 19 — — — JUS C.H1.072
10) Челични јажиња за општа намена. Обично јаже 6 × 37 — — JUS C.H1.074
11) Челични јажиња за општа намена. Обично јаже 6 × 12 + 7 влакнести јадра. — — — — — JUS C.H1.076
12) Челични јажиња за општа намена. Обично јаже 6 × 24 + 7 влакнести јадра. — — — — — JUS C.H1.078
13) Челични јажиња за општа намена. Обично јаже 8 × 7 — — JUS C.H1.080
14) Челични јажиња за општа намена. Обично јаже 8 × 37 — — JUS C.H1.084
15) Челични јажиња за општа намена. Јаже 6 × 19 со жици за пополнување — — — — — — JUS C.H1.086
16) Челични јажиња за општа намена. Јаже 8 × 19 со жици за пополнување — — — — — — — JUS C.H1.090
17) Челични јажиња за општа намена. Јаже 6 × 19 — Воринтон — JUS C.H1.090
18) Челични јажиња за општа намена. Јаже 6 × 35 — покриен Воринтон — — — — — — — JUS C.H1.094
19) Челични јажиња за општа намена. Јаже 8 × 19 — Воринтон JUS C.H1.096
20) Челични јажиња за општа намена. Јаже 6 × 19 — Сил — — JUS C.H1.100
21) Челични јажиња за општа намена. Јаже 6 × 37 — Сил — — JUS C.H1.102
22) Челични јажиња за општа намена. Јаже 8 × 19 — Сил — — JUS C.H1.104
23) Челични јажиња за општа намена. Јаже 6 × 31 — Веринтон — — Сил — — — — — — — — JUS C.H1.106
24) Челични јажиња за општа намена. Јаже 6 × 36 — Воринтон — — Сил — — — — — — — — JUS C.H1.108
25) Челични јажиња за општа намена. Јаже 8 × 36 — Воринтон — — Сил — — — — — — — — JUS C.H1.112
26) Челични јажиња за општа намена. Повеќеслојно завојно јаже 17 × 7. Неодвртливо — — — — JUS C.H1.114
27) Челични јажиња за општа намена. Повеќеслојно завојно јаже 18 × 7. Неодвртливо — — — — JUS C.H1.115
28) Челични јажиња за општа намена. Повеќеслојно завојно јаже 34 × 7. Неодвртливо — — — — JUS C.H1.113
29) Челични јажиња за општа намена. Повеќеслојно завојно јаже 36 × 7. Неодвртливо — — — — JUS C.H1.119
30) Челични јажиња за општа намена. Повеќеслојно јаже од сплескани стракови 10 × 10. Неодвртливо JUS C.H1.122

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник претставуваат составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат врз челичните јажиња што ќе се произведат, односно увезат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи југословенскиот стандард што го има следниот назив и ознака:

Челични јажиња. Називи и дефиниции — — — — — — — — JUS C.H1.020 донесен со Решението за југословенските стандарди за челични јажиња за рударството и општи цели („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/68).

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Решението за југословенските стандарди за челични јажиња („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/71).

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 50-1047/1
21 јануари 1982 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

148.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА БАКАР И БАКАРНИ ЛЕГУРИ

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за бакар и бакарни легури што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Методи за испитување на хемискиот состав на бакар и бакарни легури. Гравиметриско определување на содржината на цинк во бакарни легури — — — — — — — — JUS C.A1.163

2) Методи за испитување на хемискиот состав на бакар и бакарни легури. Комплексометриско определување на содржината на манган во бакарни легури — — — — — JUS C.A1.170

3) Методи за испитување на хемискиот состав на бакар и бакарни легури. Спектрофотометриско определување на содржината на манган во бакарни легури — — — — — — JUS C.A1.172

4) Методи за испитување на хемискиот состав на бакар и бакарни легури. Гравиметриско определување на содржината на силициум во бакарни легури (методи со перхлорна киселина) — — — — — — — — JUS C.A1.173

5) Методи за испитување на хемискиот состав на бакар и бакарни легури. Спектрофотометриско определување на содржината на силициум JUS C.A1.174

6) Методи за испитување на хемискиот состав на бакар и бакарни легури. Поларографско определување на содржината на кадмиум и цинк во бакар и бакарни легури — — —JUS C.A1.187

7) Методи за испитување на хемискиот состав на бакар и бакарни легури. Гравиметриско определување на содржината на силициум во бакарни легури (методи со сулфурна киселина) — — — — — — — — JUS C.A1.619

8) Бакар и бакарни легури. Нисколегиран бакар. Хемиски состав и намена — — — — — — — — JUS C.D1.006

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на бакарот и бакарните легури што ќе се произведат односно увезат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат југословенските стандарди што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Методи за испитување на хемискиот состав на бакарот и бакарните легури. Гравиметриско определување на цинкот во бакарни легури — JUS C.A1.163

2) Методи за испитување на хемискиот состав на бакарот и бакарните легури. Комплексометриско определување на цинкот во бакарни легури — — — — — — — — JUS C.A1.170

3) Методи за испитување на хемискиот состав на бакарот и бакарните легури. Фотометриско определување на манганот во бакарни легури JUS C.A1.172

4) Методи за испитување на хемискиот состав на бакарот и бакарните легури. Гравиметриско определување на силициумот (методи со перхлорна киселина) — — — — JUS C.A1.173

5) Методи за испитување на хемискиот состав на бакарот и бакарните легури. Фотометриско определување на силициумот — — — — JUS C.A1.174 донесени со Решението за југословенските стандарди од областа на методите за испитување на хемискиот состав на бакарот и бакарните легури („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/68);

6) Методи за испитување на хемискиот состав на бакарот и бакарните легури. Поларографско определување на кадмиумот и цинкот во бакарот и бакарните легури — — JUS C.A1.187 донесен со Решението за југословенските стандарди од областа на методите за испитување на хемискиот состав на бакарот и бакарните легури („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/70).

7) Бакар и бакарни легури. Нисколегиран бакар. Хемиски состав, облици на изработка и насоки за употреба — — — — — — — — JUS C.D1.006 донесен со Решението за југословенските стандарди за бакар и бакарни легури („Службен лист на СФРЈ", бр. 69/72).

Член 5

Овој правилник влегува во сила по истекот на три месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 50-1054/1
21 јануари 1982 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

149.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ОГНООТПОРЕН МАТЕРИЈАЛ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за огноотпорен материјал што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Огноотпорен материјал. Хемиски испитувања. Основни одредби JUS B.D8.200

2) Методи за испитување на огноотпорниот материјал. Хемиски испитувања на шамотни високоалуминозни суровини и производи — — JUS B.D8.210

3) Методи за испитување на огноотпорен материјал. Хемиски испитувања на силициумкарбидни суровини и производи — — — — — JUS B.D8.240

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на огноотпорен материјал што ќе се произведе односно увезе од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат југословенските стандарди што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Огноотпорен материјал. Хемиски испитувања. Основни одредби JUS B.D8.200 донесен со Решението за југословенските стандарди за огноотпорен материјал („Службен лист на ФНРЈ", бр 45/58);

2) Методи за испитување на огноотпорен материјал. Хемиски испитувања на шамотни производи, на сурови и печени глини, каолин и боксит — — — — — — — — JUS B.D8.210 донесен со Решението за југословенските стандарди за огноотпорен материјал („Службен лист на ФНРЈ", бр. 30/59).

Член 5

Овој правилник влегува во сила по истекот на три месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 50-1056/1
21 јануари 1982 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

150.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА КАЛЦИУМКАРБОНАТНИ ПОЛНИЛА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за калциумкарбонатни полнила што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Калциумкарбонатни полнила. Природен калциумкарбонат за употреба во индустријата на бои и лакови. Класификација и технички услови — — — — — — — — — JUS B.B6.032

2) Калциумкарбонатни полнила. Методи на испитување. Определување на степенот на белина — — JUS B.B8.084

3) Калциумкарбонатни полнила. Методи на испитување. Определување на впивањето на вода — — — JUS B.B8.085

4) Калциумкарбонатни полнила. Природен калциумкарбонат. Методи на испитување. Определување на гранулометрискиот состав според Андреасеновата метода — — — JUS B.B8.086

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат врз калциумкарбонатни полнила што ќе се произведат, односно увезат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на три месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 50-1052/1
21 јануари 1982 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

151.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА ТЕКСТИЛ

Член 1

Со овој правилник се пропишува југословенскиот стандард за текстил што го има следниот назив и ознака:

Текстил. Утврдување на масата. Термини и дефиниции — — — — JUS F.A0.015

Член 2

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е составен дел на овој правилник, а се објавува во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Применувањето на југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник не е задолжително.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 50-1057/1
21 јануари 1982 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

152.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ГОЛЕМИНИ, ЕДИНИЦИ И СИМБОЛИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за големини, единици и симболи, што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Големини, единици и симболи. Големини и единици за електрицитет и магнетизам — — — — — — JUS A.A1.027

2) Големини, единици и симболи. Големини, единици за светлост и сродни електромагнетски зрачења — JUS A.A1.028.

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на големини, единици и симболи од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на три месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 50-1050/1
21 јануари 1982 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

153.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА САДОВИ ПОД ПРИТИСОК

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за садови под притисок што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Садови под притисок. Термини и дефиниции — — — — — JUS M.E2.152

2) Садови под притисок. Изрези во цилиндри, конуси и кугли изложени на внатрешен притисок. Пресметка — — — — — — — — JUS M.E2.256

3) Садови под притисок. Пресметка на вијците — — — — — JUS M.E2.257

4) Садови под притисок. Пресметка на прирабниците — — — JUS M.E2.258

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Освен југословенскиот стандард JUS M.E2.152 чие применување не е задолжително, југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат врз садови под притисок што ќе се произведат, односно увезат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 50-1045/1
21 јануари 1982 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

154.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА КАНЦЕЛАРИСКИ СМЕТКОВНИ ПОСТРОЈКИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува југословенскиот стандард за канцелариски сметковни постројки што го има следниот назив и ознака:

Канцелариски сметковни постројки. Класификација — — — — — JUS A.F0.212

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се

објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е задолжителен во целост, а ќе се применува на канцелариски сметковни постројки што ќе се произведат односно увезат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на три месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 50-1049/1
21 јануари 1982 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

155.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК
ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ПНЕВМАТИЦИ И НАПЛАТКИ НА ТРКАЛА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандариди за пневматици и наплатки на тркала што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Наплатки за пневматици сожичени обрачи за велосипеди и нивни приколки — — — — — — JUS M.N1.051
2) Олучести наплатки за пневматици, мопеди, мотоцикли и нивни приколки — — — — — — — JUS M.N1.055
3) Пневматици за мотоцикли и нивни приколки за брзини до 150 km/h — — — — — — — — JUS G.E3.301
4) Пневматици за скутери и лесни приколки на патнички автомобили. Дијагонални конструкции — — — JUS G.E3.401
5) Пневматици за мопеди и мотоцикли и нивни приколки за брзини од 50 и 100 km/h — — — — — JUS G.E3.451
6) Пневматици со жичени обрачи за велосипеди и нивни приколки — JUS G.E3.501

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на пневматици и наплатки на тркала што ќе се произведат односно увезат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат југословенските стандарди што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Надворешни гуми за мотоцикли и нивни приколки — — — — **JUS G.E3.301** донесен со Решението за југословенските стандарди од областа на пневматиката и наплатките за моторни возила („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/58);
2) Надворешни гуми за скутери и нивни приколки — — — — — — JUS G.E3.401 донесен со Решението за југословенските стандарди за пневматици и наплатки за моторни возила („Службен лист на ФНРЈ", бр. 5/60).
3) Олучести наплатки за мотоцикли и нивни приколки — — — — — JUS M.N1.055 донесен со Решението за југословенските стандарди за наплатки на моторни возила („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/65).

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат:

1) Решението за југословенскиот стандард за гуми за мопеди и велосипеди со помошен мотор („Службен лист на СФРЈ", бр. 47/63);
2) Решението за југословенските стандарди за гуми и наплатки за велосипеди („Службен лист на СФРЈ", бр. 35/70).

Член 6

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 50-1051/1
21 јануари 1982 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

156.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК
ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА АЛУМИНИУМСКИ ЖИЦИ ЗА НАДЗЕМНИ ВОДОВИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за алуминиумски жици за надземни водови, што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Алуминиумска жица за надземни водови и кабли, полупроизвод JUS C.C3.225
2) AlMgIE жица за надземни водови, полупроизвод — — — — — JUS C.C3.226

Член 2

Југословенсите стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на алуминиумски жици за надземни водови што ќе се произведат односно увезат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи југословенскиот стандард што го има следниот назив и ознака:

E-AlMgl — жица за надземни водови, полупроизвод — — — — — JUS N.C1.500 донесен со Решението за југословенските стандарди

за алуминум и алуминиумски легури („Службен лист на СФРЈ", бр. 69/73).

Член 5

Овој правилник влегува во сила по истекот на три месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 50-1058/1
21 јануари 1982 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

157.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК
ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЕЛЕМЕНТИ ЗА СПОЈУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за елементи за спојување што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Вијци со шестострана широка глава, за споеви на носечки челични конструкции, од класа на изработка В — — — — — — — — JUS M.B1.066

2) Вијци со шестострана широка глава за точно налегнување, за споеви на носечки челични конструкции, од класа на изработка В — JUS M.B1.067

3) Шестостранн широки навртки за споеви на носечки челични конструкции, од класа на изработка В JUS M.B1.629

4) Подлошки со закосување за споеви на носечки челични конструкции, од класа на изработка А — JUS M.B2.030

5) Коси подлошки за I-носачи на носечки челични конструкции, од класа на изработка С — — — — JUS M.B2.063

6) Коси подлошки за U-носачи на носечки челични конструкции, од класа на изработка С — — — JUS M.B2.064

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Освен југословенскиот стандард JUS M.B1.067 чие применување не е задолжително, југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат врз елементите за спојување што ќе се произведат, односно увезат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат југословенските стандарди што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Вијци со шестострана глава со голем отвор на клучот, од средна класа изработка — — — — — JUS M.B1.066

2) Шестостранн навртки со голем отвор на клучот, од средна класа на изработка — — — — — JUS M.B1.629

3) Подлошки за високо преднапрегнати споеви во челични конструкции — — — — — — — JUS M.B2.030

донесени со Решението за југословенските стандарди за вијци, назртки и подлошки („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/70).

Член 5

Овој правилник влегува во сила по истекот на три месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 50-1053/1
21 јануари 1982 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

158.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК
ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ДРВНАТА ИНДУСТРИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за дрвната индустрија што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Обло техничко дрво. Шипови (пилоти) — — — — — — JUS D.B1.021

2) Обло техничко дрво. Граѓа за скели — — — — — — — — — JUS D.B1.025

3) Слоевити плочи од дрво. Видови плочи — — — — — — JUS D.C5.021

4) Плочи влакнатици за општа употреба. Технички услови — — JUS D.C5.022

5) Плочи влакнатици за употреба во градежништвото. Технички услови — — — — — — — — JUS D.C5.024

6) Плочи иверици со хоризонтален распоред на иверите, за општа употреба — — — — — — — JUS D.C5.031

7) Плочи иверици со вертикален распоред на иверите. Окал--плочи — — — — — — — — JUS D.C5.034

8) Фурнирски, столарски и комбинирани слоевити плочи. Типови на плочи и квалитет на лепење — — JUS D.C5.040

9) Фурнирски и столарски плочи за општа употреба. Технички услови — — — — — — — — — JUS D.C5.041

10) Комбинирани слоевити плочи за општа употреба. Технички услови — — — — — — — — JUS D.C5.042

11) фурнирски плочи за носечки дрвени инженерски конструкции во градежништвото — — — — JUS D.C5.043

12) Фурнирски и комбинирани плочи за врати. Технички услови JUS D.C5.044

13) Фурнирски плочи за амбалажа. Технички услови — — — — JUS D.C5.045

14) Заштита на дрво. Заштита на градежно дрво со премачкување, прскање и потопување — — — JUS D.T4.027

15) Заштита на дрво. Определување на длабочината на навлегување на заштитните средства нанесени со премачкување — — — — JUS D.T4.028

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник претставуваат составен дел од овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат југословенските стандарди што ги имаат следните називи и ознаки.

1) Плочи влакнатици (лесонитплочи). Технички услови за изработка и испорака — — — — — — JUS D.C5.022 донесен со Решението за југословенските стандарди за плочи влакнатици („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/68);

2) Валчесто техничко дрво — шипови (пилоти) — — — — — JUS D.B1.021

3) Валчесто техничко дрво — столбови за скели — — — — — JUS D.B1.025 донесени со Решението за југословенските стандарди за необработено и обработено дрво („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/55);

4) Слоевити дрвни производи. Класификација — — — — — JUS D.C5.021

5) Фурнирски и столарски плочи за општа употреба. Димензии и толеранции — — — — — — — JUS D.C5.040

6) Фурнирски и столарски плочи. Состав, карактеристики и класификација — — — — — — — — JUS D.C5.041

7) Фурнирски и столарски плочи. Својства на лепење зависно од намената на плочите — — — — — JUS.D.C5.042

8) Фурнирски плочи за употреба во градежништвото — — — — JUS D.C5.043 донесени со Решението за југословенските стандарди од областа на дрвната индустрија и шумарството („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/72).

Член 5

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 50-1046/1
21 јануари 1982 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

159.

Врз основа на член 23 точка 4 од Статутот на Интересната заедница за станбена изградба и управување со становите за потребите на работниците и функционерите на сојузните органи („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/76, 26/77, 15/78 и 51/81), по прибавена согласност од Сојузниот извршен совет, Собранието на Интересната заедница за станбена изградба и управување со становите за потребите на работниците и функционерите на сојузните органи донесува

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА АМОРТИЗАЦИЈАТА ОД СТАНАРИНАТА ЗА СТАНБЕНИТЕ ЗГРАДИ И СТАНОВИТЕ И НА ЗАКУПНИНАТА ЗА ГАРАЖИТЕ И ДЕЛОВНИОТ ПРОСТОР ШТО СЕ ЗДРУЖЕНИ ВО ИНТЕРЕСНАТА ЗАЕДНИЦА ЗА СТАНБЕНА ИЗГРАДБА И УПРАВУВАЊЕ СО СТАНОВИТЕ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА РАБОТНИЦИТЕ И ФУНКЦИОНЕРИТЕ НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ

1. Стапката на амортизацијата за 1981 година од станарина за станбените згради и становите и од закупнината за гаражите и деловниот простор што се здружени во Интересната заедница за станбена изградба и управување со становите за потребите на работниците и функционерите на сојузните органи се утврдува во височина од 16%.

Стапката на амортизацијата од став 1 на оваа точка се пресметува врз вкупниот износ на станарината за станбените згради и становите и на закупнината за гаражите и деловниот простор.

2. Пресметаната амортизација им припаѓа на здружувачите и се евидентира по завршната сметка на Интересната заедница за станбена изградба и управување со становите за потребите на работниците и функционерите на сојузните органи за 1981 година, во нивна корист.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 02/2-3806/5-81
13 јануари 1982 година
Белград

Претседател
на Собранието на заедницата
на домувањето,
Петар Дивјак, с. р.

УСТАВЕН СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

ОДЛУКА

ЗА ОЦЕНА НА ЗАКОНИТОСТА НА ЧЛЕН 5 СТАВ 1 ТОЧКА 3 ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ И ИСКАЖУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ ДО КОЈ ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД И ДРУГИ КОРИСНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНИ СРЕДСТВА МОЖАТ ДА РАСПОЛАГААТ СО ОПШТЕСТВЕНИ СРЕДСТВА ЗА ИСПЛАТУВАЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ИЗДАТОЦИ ВО ВТОРОТО ПОЛУГОДИЕ НА 1981 ГОДИНА

I. Институтот за надворешна трговија, од Белград, со предлог поведе постапка пред Уставниот суд на Југославија за оцена на законитоста на одредбата на член 5 став 1 точка 3 од Правилникот за начинот за утврдување и искажување на износот до кој организациите на здружен труд и други корисници на општествени средства можат да располагаат со општествени средства за исплатување на определени издатоци во второто полугодие на 1981 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/81), во делот со кој на организациите на здружен труд, кои во второто

полугодие на 1981 година ќе остварат помал вкупен приход отколку во второто полугодие на 1980 година, им е наложено да ги намалат определените издатоци под износите што ги имале во второто полугодие на 1980 година.

Предлагачот смета дека со ваквото пропишување е пречекорено овластувањето од член 8 на Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства за исплатување на определени издатоци во второто полугодие на 1981 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 40/81), со кое е овластен сојузниот секретар за финансии да го пропише начинот на утврдување и искажување на износот до кој корисниците на општествени средства можат да располагаат со општествени средства за исплатување на определени издатоци, бидејќи со Законот не е наложено намалување на издатоците под нивото што е остварено во второто полугодие на 1980 година.

II. Со Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства за исплатување на определени издатоци во второто полугодие на 1981 година, кој важеше до 31 декември 1981 година, беше ограничен растежот на определени издатоци во распон од 12 до 25 индексни поени побавно од растежот на вкупниот приход во второто полугодие на 1981 година, во однос на второто полугодие на 1980 година, со цел тие издатоци да се сведат само на оние што се нужни и што се во функција на работењето.

Според член 8 од Законот, функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работите на финансиите, ќе го пропише начинот на утврдување и искажување на износот до кој организациите на здружен труд и други корисници на општествени средства можат да располагаат со општествени средства во второто полугодие на 1981 година за исплатување на определени издатоци.

Со оспорената одредба на член 5 став 1 точка 3 од наведениот правилник беше регулирано дека „... ако индексот на вкупниот приход во второто полугодие на 1981 година изнесува 130, издатоците за репрезентација можат да изнесуваат 110% од износот утврден за второто полугодие на 1980 година или ако индексот на вкупниот приход изнесува 95, издатоците за репрезентација можат да изнесуваат 75% од износот утврден за второто полугодие на 1980 година и слично."

III. Уставниот суд на Југославија, тргнувајќи од одредбите на член 2 до член 6 од Законот со кои е уреден побавен растеж на издатоците во однос на остварувањето на вкупниот приход, односно на приходот во второто полугодие на 1981 година спрема истиот период на 1980 година, утврди дека оспорената одредба на Правилникот не е во спротивност со наведените одредби на Законот, ниту е пречекорено овластувањето од член 8 на Законот, бидејќи побавниот растеж на издатоците се однесува како на корисниците на општествени средства, кои успешно работат, така и на оние што работат со загуби, додека со член 2 став 5 од Законот беше пропишано дека издатоците за исплатување надомест за користење на сопствен автомобил на службено патување не можат да бидат поголеми од 70% од износите на тие издатоци, утврдени во второто полугодие на 1980 година.

IV. Врз основа на член 375 став 1 точка 3 од Уставот на СФРЈ, Уставниот суд на Југославија, на седницата одржана на 20 јануари 1982 година, донесе

Одлука

1. Се одбива предлогот на Институтот за надворешна трговија, од Белград, Уставниот суд на Југославија да утврди дека одредбата на член 5 став 1 точка 3 од Правилникот за начинот на утврдување и искажување на износот до кој организациите на здружен труд и други корисници на општествени средства можат да располагаат со општествени средства за исплатување на определени издатоци во второто полугодие на 1981 година не е согласна со Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства за исплатување на определени издатоци во второто полугодие на 1981 година.

2. Уставниот суд на Југославија ја донесе оваа одлука во следниот состав: претседателот на Судот Никола Секулиќ, и судиите: Рамадан Враниќи, Милорад Достаниќ, д-р Арпад Хорват, Славко Кухар, Јаким Спировски, Иван Франко, д-р Васил Гривчев, Мустафа Сефо и Мијушко Шибаликќ.

У бр. 242/81
20 јануари 1982 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на Југославија,
Никола Секулиќ, с. р.

По извршеното сравнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Буџетот на федерацијата за 1982 година, објавен во „Службен лист на СФРЈ", бр. 72/81, се поткрале долунаведените грешки, та се дава

ИСПРАВКА

НА БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1982 ГОДИНА

Во Билансот на приходите и расходите на Буџетот на федерацијата за 1982 година во Оддел II Распоред на приходите, и тоа:

1) Во Основната намена 05 Обврски во финансирањето на општествените дејности, во распоредната група 05-9 За боречко-инвалидска заштита износот: „27.715.163.000" се заменува со износот: „31,657.582.400", во распоредната група 05-11 За пензиско и инвалидско осигурување, износот: „11.220.300.000" се заменува со износот: „7.277.900.600".

Во посебниот дел на Буџетот на федерацијата за 1982 година, и тоа:

1) во Разделот 4. Сојузен извршен совет, во Глава 3. Служба за персонални работи, Основна намена 01 — Средства за работа на органите на управата, во позиција 122 01-3-2 Надомест за одвоен живот од семејството, износот: „73.748" се заменува со износот: „83.748";

2) во Разделот 11 Сојузен секретаријат за надворешни работи, Основна намена 01 — Средства за работа на органите на управата, во позицијата 192 01-1-1 Средства за лични доходи по зборот: „доходи" се додаваат зборовите: „на работниците";

3) во Разделот 13. Сојузен секретаријат за внатрешни работи, Основна намена 01 — Средства за работа на органите на управата, во позицијата 240 01-3-3 Надомест на личните доходи и други расходи за обезбедување на вработените во дипломатските и конзуларните претставништа по зборот: „расходи" се додаваат зборовите: „на работниците";

4) во Разделот 14. Сојузен секретаријат за финансии, во Глава 1. Секретаријат Основна намена 04 — Трансферни средства на други општествено-политички заедници, во позицијата 267 04-2 Дополнителни средства на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина, износот: „6.190.472.700" се заменува со износот: „6.209.100.000", во позицијата 268 04-2 Дополнителни средства на Социјалистичка Република Македонија, износот: „2.821.510.000" се заменува со износот: „2.830.000.000", во позицијата 269 04-2 Дополнителни средства на Социјалистичка Република Црна Гора, износот: „2.294.296,400" се заменува со износот: „2.301.200.000", во позицијата 270 04-2 Дополнителни средства на Социјалистичка Автономна Покраина Косово, износот: „8.288,459.800" се заменува со износот: „8.313.400.000", во позиција-

та 271 04-2 Ненамирени обврски од 1980 година спрема САП Косово, износот: „1.176.460.000“ се заменува со износот: „1.180.000.000“, во ставката Вкупно основна намена 04 — износот: „20.771.198.900“ се заменува со износот: „20.833.700.000“, во ставката Вкупно Глава 1. износот: „37.409.243.278“ се заменува со износот: „37.471.743.378“, а во ставката Вкупно раздел 14 (позиции 246 до 302) износот: „37.467.249.732“ се заменува со износот: „37.529,750,832“;

— во Основната намена 05 — Обврски во финансирањето на општествените дејности, од позицијата 272 до 275 распоредната подгрупа: „05-11“ се заменува со распоредната подгрупа: „05-9“.

— во позицијата 292 08-4-2 Посебно зголемување на влогот на СФРЈ во капиталот на Меѓународната банка зборот: „Посебно“ се заменува со зборот: „Општо“;

— во позицијата 293 08-4-2 Општо зголемување на капиталот на Меѓународната банка зборот: „Општо“ се заменува со зборот: „Посебно“;

5) во Разделот 16. Сојузен секретаријат за пазар и општи стопански работи, во Глава 1 Секретаријат, Основна намена 01 — Средства за работа на органите на управата, во позицијата 321 01-3-2 Надомести за работа подолга од полното работно време, износот: „299,110“ се заменува со износот: „299.100“;

6) во Разделот 23. Сојузен комитет за прашања на борците и воените инвалиди, Основна намена 01 — Средства за работа на органите на управата, во позицијата 614 01-3-2 Патни трошоци во земјата, износот: „148,553“ се заменува со износот: „148.550“, во позицијата 616 01-3-2 Трошоци за одржување на седници на Комитетот, износот: „97.706“ се заменува со износот: „97.700“, во ставката Вкупно основна намена 01 — износот: „11.933.093“ се заменува со износот: „11.933,084“; во Основната намена 05 — Обврски во финансирањето на општествените дејности, во позицијата 622 05-9 Надомест на носителите на „Партизанска споменица 1941“ и на други одликувања, износот: „373.177.400“ се заменува со износот: „373.177.100“, во ставката Вкупно раздел 23. (позиции 610 до 624) износот: „27.715.183.000“ се заменува со износот: „27.727.116.084“; во основната намена 05 — обврски во финансирањето на општествените дејности, од позициите 619 до 624, распоредната подгрупа: „05-9“ се заменува со распоредна подгрупа: „05-11“;

7) во Разделот 25. Сојузна управа за царини, Основна намена 01-Средства за работа на органите на управата, во позицијата 651 распоредната подгрупа: „01-3-2“ се заменува со распоредна подгрупа: „01-3-3“;

8) во Разделот 27. Сојузната заедница за работите на цените, Основна намена 01- Средства за работа на органите на управата, во позицијата 667 01-3-1 зборовите: „Надомести на личните доходи и на другите примања на функционерите“ се заменуваат со зборовите: „Средства за лични доходи и други лични примања на функционерите“;

9) во Разделот 29, Сојузен завод за меѓународна научна, просветно-културна и техничка соработка, Основна намена 01-Средства за работа на органите на управата, во позицијата 693 01-1-1 Средства за лични доходи на работниците, износот: „29.932.910“ се заменува со износот: „29.939.910“;

10) во Разделот 32. Сојузен завод за патенти, Основна намена 01-Средства за работа на органите на управата, во позицијата 748 01-3-2 Трошоци за печатење на патентни списи по зборот: „списи“ се додаваат зборовите: „и документација“;

11) во Разделот 42. Дополнителни средства на општествено-политичките и на општествените организации, Друга намена 06-Други општи општествени потреби, Општествено-политички организации, во позицијата 895 06-2 финансирање на програмата за работа на Лигата, износот: „2.991.000“ се заменува со износот: „2.991.600“, во ставката Вкупно основна намена 06-2 износот: „748.946.400“ се заменува со износот: „748.947.000“, а во ставката Вкупно раздел 42. (позиции 859 до 902) износот: „748.946.400“ се заменува со износот: „748,947.000“.

Од Секретаријатот за законодавство на Собранието на СФРЈ, Белград, 3 март 1982 година.

По извршеното споредување со изворниот текст, е утврдено дека во текстот на Уредбата за условите и начинот под кои можат да се вршат преправки, адаптации или други градежни работи на службените простории на сојузните органи, објавена во „Службен лист на СФРЈ“, бр. 62/81 се поткрала подолу наведената грешка, та се дава

ИСПРАВКА

НА УРЕДБАТА ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ ПОД КОИ МОЖАТ ДА СЕ ВРШАТ ПРЕПРАВКИ, АДАПТАЦИИ ИЛИ ДРУГИ ГРАДЕЖНИ РАБОТИ НА СЛУЖБЕНИТЕ ПРОСТОРИИ НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ

Во член 3 наместо зборовите: „10 членови“ треба да стои: „четири члена“.

Од Сојузниот извршен совет, Белград, 24 февруари 1982 година.

НАЗНАЧУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ“, бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПОМОШНИК НА СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАР ЗА ПАЗАР И ОПШТИ СТОПАНСКИ РАБОТИ

Се разрешува од должноста помошник на сојузниот секретар за пазар и општи стопански работи Анто Родиќ, поради заминување на друга должност.

С. п. п. бр. 143/1
11 февруари 1982 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Гојко Убипарип, с. р.

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ“, бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА АМБАСАДОР ВО СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

Се разрешува од должноста амбасадор во Сојузниот секретаријат за надворешни работи Мирко Калезиќ, поради истекот на периодот за кој е назначен на таа должност.

Именуваниот се става на располагање во смисла на член 249 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата.

С. п. п. бр. 144
11 февруари 1982 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Гојко Убипарип, с. р.

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА СОВЕТНИК НА СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАР ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

Се разрешува од должноста советник на сојузниот секретар за надворешни работи д-р Соња Дапчевиќ-Орешчанин, поради заминување на друга должност.

С. п. п. бр. 145/1
11 февруари 1982 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Гојко Убипарип, с. р.

Врз основа на член 4 став 2 од Уредбата за Управата на деловните згради на сојузните органи („Службен лист на СФРЈ", бр. 6/78), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА НА ДЕЛОВНИТЕ ЗГРАДИ НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ

За директор на Управата на деловните згради на сојузните органи се назначува Радиша Трифуновиќ, досегашен директор на таа управа.

С. п. п. бр. 164
11 февруари 1982 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Гојко Убипарип, с. р.

СОДРЖИНА:

Страна

135. Закон за измени и дополненија на Царинскиот закон — — — — — — — — 321
136. Одлука за валоризација на средствата што републиките и автономните покраини ги уплатија за 1980 година за отстранување на последиците од катастрофалниот земјотрес што го погоди подрачјето на Социјалистичка Република Црна Гора во 1979 година — — — — — — — — 325
137. Одлука за потврдување на Финансискиот план на Народната банка на Југославија за 1981 година — — — — — — — — 326
138. Одлука за условите и начинот на остварувањето на правото на делегатите во Собранието на СФРЈ на надомест за користење на автомобил во лична сопственост за службени цели — — — — — — — 326
139. Одлука за компензационите работи со странство — — — — — — — — — 327
140. Одлука за престанување на важењето на Одлуката за обврската за поведување постапка за самоуправно спогодување на организациите на здружен труд за увоз на пченка до 31 октомври 1982 година — 327
141. Одлука за измена на Одлуката за земање на странски кредити од страна на организациите на здружен труд што изведуваат инвестициони работи во странство за потребите на изведувањето на тие работи — — — — — — — — — 328
142. Одлука за посебните трошоци на постапката за стекнување и одржување во важност на правата со кои се штитат пронајдоците и знаците за разликување — — 328
143. Правилник за содржината на одделните конта во Контниот план за буџетите на општествено-политичките заедници — 329
144. Правилник за содржината на одделни позиции во обрасците на периодичната пресметка и на завршната сметка и за начинот на доставувањето на периодичната пресметка и на завршната сметка и за податоците и документацијата што се доставуваат кон периодичната пресметка и завршната сметка за буџетите на општествено-политичките заедници — — 333
145. Правилник за југословенските стандарди за радиокомуникации — — — — — 334
146. Правилник за југословенскиот стандард за пластични маси — — — — — — 334
147. Правилник за југословенските стандарди за челични јажиња — — — — — 335
148. Правилник за југословенските стандарди за бакар и бакарни легури — — — — 336
149. Правилник за југословенските стандарди за огноотпорен материјал — — — — 337
150. Правилник за југословенските стандарди за калциумкарбонатни полнила — — 337
151. Правилник за југословенскиот стандард за текстил — — — — — — — — 337
152. Правилник за југословенските стандарди за големини, единици и симболи — — 338
153. Правилник за југословенските стандарди за садови под притисок — — — — — 338
154. Правилник за југословенскиот стандард за канцелариски сметковни постројки — 338
155. Правилник за југословенските стандарди за пневматици и наплатки на тркала — 339
156. Правилник за југословенските стандарди за алуминиумски жици за надземни водови — — — — — — — — — 339
157. Правилник за југословенските стандарди за елементи за спојување — — — — 340
158. Правилник за југословенските стандарди за дрвната индустрија — — — — — 340
159. Одлука за утврдување на стапката на амортизацијата од станаринатa за станбените згради и становите и на закупнината за гаражите и деловниот простор што се здружени во интересната заедница за станбена изградба и управување со становите за потребите на работниците и функционерите на сојузните органи — 341

Одлука за оцена на законитоста на член 5 став 1 точка 3 од Правилникот за начинот на утврдување и искажување на износот до кој организациите на здружен труд и други корисници на општествени средства можат да располагаат со општествени средства за исплатување на определени издатоци во второто полугодие на 1981 година — — — — — — — — 341

Исправка на Буџетот на федерацијата за 1982 година — — — — — — — — — 342

Исправка на Уредбата за условите и начинот под кои можат да се вршат преправки, адаптации или други градежни работи на службените простории на сојузните органи — — — — — — — — 343

Назначувања и разрешувања — — — — 343

Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Вељко Тадиќ. — Печати Београдски издавачко-графички завод, Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17.